[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 10-2977/2

Дата: 06.04.2015

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: Државен завод за ревизија
Ул. Македонија 12/3 100 Скопје

**Предмет:** Забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – "Ефикасност на мерките за обезбедување на квалитетот на воздухот во РМ"

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 08.04.2015
Број: 13-314/6

Врска: **арх.број 10-2977/1**

Почитувани,

Архивски знак:
Рок на чување:
20 __ год.
Потпис.

Ценејќи го добиениот нацрт ревизорски извештај со архивски број 10-2977/1 од 25.03.2015 година за активностите за подобрување на квалитетот на воздухот во Република Македонија и земајќи ги во превид анализите кои беа приложени во истиот, Ви го доставуваме нашето мислење:

Покрај тоа што во извештајот се искажува респект кон досегапните мерки, активности и постигнати резултати, сметаме дека периодот од 2012 до 2014 година, за кој се врши ревизијата и се дава мислење, не може да биде и генерален став за напредокот во заштитата на квалитетот на воздухот. **Многу е важно да се нагласи дека овој период од три години за анализа е краток и самиот за себе никако не може да биде репрезентативен за донесување заклучоци.** Ова го сметаме од причина што и многу поразвиени земји работеле и вложувале многу средства за да во еден репрезентативен период од околу десет години со континуирано превземени активности добијат позитивни резултати и напредок во областа со управување со квалитетот на воздухот.

Мора да нагласиме дека Република Македонија сериозно започна со решавање на проблемот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух со воспоставување на 4 мониторинг станици во 1998 година во Скопје кои беа донација од Јапонската влада. Системот од мониторинг станици се развиваше со помош на поедини проекти. Напоредно со

воспоставување на мониторинг системот се транспонираше на ЕУ легислативата во Законот за квалитет на воздух и подзаконските акти, кое претставуваше еден комплексен процес земајќи ја во превид старата неефикасна регулатива. Овој процес се спроведуваше скоро до 2012 година.

Треба да се нагласи дека овој период од последниве 10 години континуирано се превземаа активности за заштита на воздухот, но со тоа се наметнуваа поголемите финансиски средства за имплементација на истите активности.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Во однос на добиениот извештај, Ви ги доставуваме следните конкретни забелешки:**

*На страна 2*

Во однос на забелешката за некомплетната оценката на квалитетот на амбиентниот воздух, ви укажуваме дека иако за некои мерни места земена е предвид помала покриеност со податоци, сепак е релевантен документ кој се подготви во склоп на Твининг проектот со искусни експерти од ЕУ земјите и дава насоки за идниот развој на мониториг системот.

**Како позитивност во целиот овој извештај, не е воопшто спомнато известувањето кон меѓународните тела (Европската агенција за животна средина, Секретаријатот на Обединети нации) и напредокот кој е постигнат од страна на МЖСПП, како и изработениот портал за квалитет на воздух во 2012 година, на кои се објавуваат податоците од извршените мерења на квалитетот на воздухот во реално време, со цел навремено информирање на граѓаните, кој пак влијаеше на подигнување на јавната свест.**

*На страна 3*

1. параграф 2, во однос на забелешката дека: "Ревизијата не доби уверување дека за донесените мерки се предвидени оперативни планови за реализација по институции на централно ниво и локално ниво како и за инсталациите, по што постои ризик дали ќе се имплементираат ви укажуваме:

   - За инсталциите кои подлежат на А-ИСКЗ и Б-ИСКЗ за усогласување со оперативен план во рамките на

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

дозволата постојат оперативни планови со дефинирани мерки и рокови

- Дефинираните мерки од Националниот план за заштита на амбиентниот воздух, кои се во надлежност на државните органи и ЕЛС, детално се разработуваат и се распределуваат на надлежните институции на Комитетот за животна средина и здравје.

2. Параграф 3, во однос на реченицата "неопходна е примена на нови технологии, за што инсталациите во досегашниот период сеуште не се спремни да ја применуваат", ви укажуваме:

   - Реченицата ги генерализира сите инсталации сметаме дека треба да стои зборот делумно наместо заборовите сеуште не, имајќи предвид дека постојат инсталации кои делумно ги применуваат НДТ, нови исталации кои целосно се усогласени со НДТ и инсталации кои воопшто не се усогласени и не применуваат НДТ.

*На страна 4*

3. Параграф 1, во однос на реченицата "Активноста која е предмет на нашата ревизија е мошне опсежна и во себе вклучува повеќе сегменти од кои зависи подигнување на квалитетот на воздухот", ви укажуваме:

   - Дека наместо подигнување треба да стои зборот подобрување

*На страна 11*

4. Во наброените надлежни институции треба да стои и Министерство за транспорт и врски

*На страна 28*

5. Параграф 3 сметаме дека реченицата "преку државната мрежа не се обезбедува постојан мониторинг"

   - треба да се дополни со зборовите "на одредени мерни места", од причина што во период од 2012-2014 не се врши мониторинг на три мониторинг станици од вкупно 17.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

*На страна 30*

6. Во однос на наслов на поглавје 1.4 и Реченицата од последен параграф: "Извештајот извршена инвентаризација истото од страна на МЖСПП не е изготвен што има влијание на утврдување и распределување на емисиите по квадранти"
   - Укажуваме дека во прегледниот период 2012-2014 подготвн е Извештајот за извршена инвентаризација во 2012 но не е поготвен во 2014 година, имајќи предвид дека се подготвува на секоја втора година

*На страна 43*

Булет 2 во однос на ставот "само 5 инсталации имаат мерни станици за квалитет на воздух", ви укажуваме:

- обврската за воспоставување на мониторинг станца е дел од оперативниот план на секоја поединечна инсталација и рокот за усогласување на оваа обврска е даден во оперативниот план за усогласување со ИСКЗ дозволата.

*На страна 46*

Дел Препораки, точка 2

Годишната програма за мониторинг на квалитетот на воздухот, неможе да има интерсекторски карактер, од причина што истата потребно е да се изготви од страна на МЖСПП за работа на државната мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот, и сметаме дека како препорака треба да стои само изготвувањето на годишната програма.

Дел Препораки, точка 3

Ве информираме дека во однос на препораката бр.3, МЖСПП на 13.03.2015 испрати барање за доставување на податоци за ажурирање на Катастерот за животна средина, кој го вклучува и воздухот. Испратени се прашалници до 123 А-ИСКЗ инсталации и 131 Б-ИСКЗ инсталација. Во прилог ви доставуваме копија од барањето испратено до инсталациите.

Дел Препораки, точка 4

Во однос на препораката број 4, ве информираме дека изготвен е инвентарот за емисии на територијата на Република

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Македонија за 2013 година и истиот е доставен до Европската агенција за животна средина на 13.02.2015 година. Доставениот инвентар е достапен на следниот линк http://cdr.eionet.europa.eu/mk/un/UNECE_CLRTAP_MK/envvn3pvw/.

*На страна 48*

Дел Препораки, точка 15

Во однос на оваа препорака сметаме дека зборот „неопходна" треба да се замени со „потребно е зајакнување на", од причина што веќе е формирана Интерсекторска работна група за воздух, во која членуваат сите релевантни институции за спроведување на мерките за заштита на воздухот.

Сметаме дека треба да се додаде препораката „МЖСПП да ги зајакне капацитетите за подготовка на планските документи и следење на имплементацијата на мерките дефинирани во истите".

Нагласуваме дека во препораките за спроведувањето на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот, го земате предвид само МЖСПП и органите во состав, како и МФ. Од друга страна сите останати институции кои се наведени на страна 11, и кои воедно се одговорни за спроведување на дефинираните мерки од Националниот план, не се споменати.

Ви благодариме за препораките и Ве информираме дека ќе пристапиме кон спроведување на истите.

Со почит,

Министер,
Nurhan Izairi

Изработиле:
Анета Стефановска
Александра Н.Крстеска

Одобрил:
Светлана Ѓорѓева, Раководител

Согласен:
д-р Соња Лепиткова, Државен секретар

Прилог: Копија од барање за доставување на податоци за ажурирање на Катастерот за животна средина

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски бр. 10-2605/1

13. 03. 2015

Дата: ~~05.03.~~2015

До:

Предмет: Барање за доставување на податоци за Катастарот на на животната средина

Почитувани,

Согласно член 42 - Катастар на животна средина од Законот за животна средина (Сл.Весник 53/05 и измените Сл.Весник 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10), Ве известуваме дека во тек е ажурирањето на Катастрите.

За таа цел, Ве молиме да ги пополните прашалниците во прилог на писмово со податоци за 2014 година, и истите да ни ги пратите најкасно до 31.03.2015 до Македонски информативен центар за животна средина по пошта и по електронски пат на следнива e-mail адреса: k.nikolovska@moepp.gov.mk

За сите прашања и нејаснотии кои може да произлезат при пополнувањето на прашалниците Ви стоиме на располагање за појаснување и давање на одговори.

Ве молиме да го почитувате дадениот рок за достава на потребните податоци, во спротивно ќе бидеме принудени да ги спроведеме казнените одредби од член 214 став 10 од Законот за животна средина.

Со почит,

Министер
Nurhan Izairi

Изработил:
Катерина Николовска
Согласен:
Светлана Ѓорѓева, Раководител
Одобрил:
Д-р. Соња Лепиткова, Државен секретар

Прилог: Прашалници за Катастар на животна средина.